Друштво за производство, трговија и услуги
**КОЛА** ДООЕЛ извоз-увоз
Бр. 03-542/2
09 04 2026 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА

## „Пролет со Unilever“

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 251/2022) се утврдуваат следните правила на наградна игра:

### Назив и седиште на трговското друштво кое е организатор на наградната игра

**Член 1**

Организатор на наградната игра **„Пролет со Unilever“** е Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛА ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, со седиште на улица „Качанички пат“, бр. 254 во Скопје, со даночен број 4030992109204 и матичен број 4431995, застапувано преку управителот Гоце Вангеловски.

### Производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

**Член 2**

Наградната игра се организира заради рекламирање производи од асортиманот на Unilever, а тоа се следните брендови: **Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM**, во продажните места цитирани во овие Правила на наградна игра и тоа на територијата на Република Северна Македонија.

### Име, опис и времетраење на наградната игра

**Член 3**

Официјалното име на наградната игра е **„Пролет со Unilever“.**

**„Пролет со Unilever“** е наградна игра организирана да ги награди своите потрошувачи. Потрошувачите кои имаат регистрирана Рамстор клуб картичка за лојалност и кои на една или повеќе трансакции ќе купат покрај останати производи и производ или производи од асортиманот на Unilever од брендовите Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM, во продажните места наведени во член 4 од овие Правила на наградна игра, во период додека трае наградната игра, ќе имаат можност да освојат награда.

Во период од 14.05.2026 година до 14.06.2026 година, најлојалните 15 (петнаесет) потрошувачи кои ќе акумулираат највисока вредност на купени Unilever производи од брендовите Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM, со своите Рамстор клуб картички ќе бидат наградени со подароци по следниот редослед:

**Прво место** Мобилен телефон Samsung Galaxy S25 12GB/128GB Blueblack, Nano-SIM and eSIM or Dual SIM (2 Nano-SIMs and Esim, dual stand-by), IP68 dust/water resistan,

**Второ и трето место** Телевизор Hisense 43A6Q, 43” (107cm) SMART 4K UltraHD LED TV, Resolution 4K 3840x2160, VIDAA U7, Dolby Vision HDR, HDR 10+, HLD (Hybrid Log Gamma),

**Од четврто до шесто место** Паметен рачен часовник XIAOMI Redmi Watch 5 Black, Display: 2.07” AMOLED HBM 1500 nuts, Resolution: 432x514 pixels, 5ATM water resistant, Bluetooth: 5.3,

**Од седмо до петнаесто место** ST CMP-110B Black, Superior Technology, Миксер за матење нес кафе, капучино, Црна боја, 80мл сад, Тивка работа, 25W, Заштита од прегрев.

Наградите ќе се доделуваат во зависност од висината на акумулираната вредност на купените Unilever производи (Потрошувачот кој со својата регистрирана Рамстор клуб картичка за лојалност ќе акумулира највисока вредност на купени Unilever производи ќе освои прво место, потрошувачот кој ќе акумулира пониска вредност од потрошувачот што ќе освои прво место, ќе освои второ место и.т.н)

Наградната игра започнува на **14.5.2026 година** и ќе трае до **14.6.2026** година.

## Територија на која се приредува наградната игра

**Член 4**

Наградната игра се приредува на целата територија на Република Северна Македонија.

Наградната игра ќе се спроведе во определени маркети на Друштвото за трговија и услуги РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со ЕМБС: 5794781 и тоа:

| Ред.бр | МАРКЕТ | АДРЕСА |
|---|---|---|
| 1 | ВАРДАР | ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје |
| 2 | СИТИ МОЛ | ул. Љубљанска бр.4, Скопје |
| 3 | ТАФТАЛИЏЕ | ул. Московска бб, Скопје |
| 4 | КАРПОШ | ул. Прашка бр. 11/2 Лок. 1-7, Скопје |
| 5 | ПАРК | ул. Орце Николов бр.186, Скопје |
| 6 | ЏЕВАХИР | ул. Матеја Матевски бр. 20,Скопје |
| 7 | ГОРНО ЛИСИЧЕ | ул. Февруарски Поход бр.46, Скопје |
| 8 | КАПИТОЛ | Бул. Јане Сандански бр.71А, Скопје |
| 9 | КАПИШТЕЦ | ул. Васил Ѓоргов бр.20А, Скопје |
| 10 | ДЕБАР МААЛО | ул. Благој Давков бр..2, Скопје |
| 11 | ВОДНО | ул. Тодор Александров бр.83, Скопје |
| 12 | АЕРОДРОМ | ул. Милан Зечар бр.6, Скопје |
| 13 | СТАР АЕРОДРОМ | ул. Фрањо Клуз бр.6, Скопје |
| 14 | МИЧУРИН | ул. "Венијамин Мачуковски" бр.36, Скопје |
| 15 | ТОПАНСКО ПОЛЕ | ул. Ферид Мурати бр.5, Скопје |
| 16 | СЕВЕР | ул. Втора Македонска Бригада бр.23, Скопје |
| 17 | ТЕТОВО | ул. Скопски Пат бр.8 , Тетово |
| 18 | ТЕТОВО 3 | ул. Ван Вардарска бр.1, Тетово |
| 19 | СТРУГА | ул. Маршал Тито бр.116А, Струга |
| 20 | ОХРИД | ул. Св. Климент Охридски бр.1, Охрид |
| 21 | ОХРИД ЕКСПРЕС | ул. Јане Сандански бр.98А, Охрид |
| 22 | ОХРИД ТУРИСТИЧКА | Бул. Туристичка бр.42А, Охрид |

Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
III

МН ПК

| | | |
|---|---|---|
| 23 | КИЧЕВО | Бул. Ослободување бр.1, Кичево |
| 24 | КУМАНОВО | ул. 3-та Македонска Ударна Бригада бр.68, Куманово |
| 25 | СТРУМИЦА | ул. Благој Јанков - Мучето бр.16, Струмица |
| 26 | СТРУМИЦА БУЛЕВАР | ул. Гоце Делчев бр. 42, Струмица |
| 27 | ВЕЛЕС | ул. 8-ми Септември бр. 57, Велес |
| 28 | ШТИП | ул.Тошо Арсов, број: 32. Штип |
| 29 | ИСТ ГЕЈТ | ул. 1647, број: 20 Скопје |
| 30 | КОЗЛЕ | ул. Козле бр.91А Скопје |
| 31 | АВТОКОМАНДА | ул. Ташко Караџа, број: 1А Скопје |

**Податоци за наградите во наградната игра и вкупниот фонд на добивка и поединечни вредности на секоја награда од фондот на награди и вкупна вредност на фондот на награди**

**Член 5**

Наградната игра располага со фонд на награди од вкупно 15 производи. Вкупниот максимален награден фонд за целото времетраење на наградната игра изнесува **90.777,00** денари со вклучен ДДВ. Наградите што ќе бидат доделени се следните:

**Буџет на наградна игра**

| Артикл | количина | Цена со ДДВ за еден производ | Износ со ДДВ за вкупната количина |
|---|---|---|---|
| Мобилен телефон Samsung Galaxy S25 12GB/128GB Blueblack, Nano-SIM and eSIM or Dual SIM (2 Nano-SIMs and Esim dual stand-by), IP68 dust/water resistan | 1 | 44.749,00 ден. | 44.749,00 ден. |
| Паметен рачен часовник XIAOMI Redmi Watch 5 Black, Display: 2.07” AMOLED HBM 1500 nuts, Resolution: 432x514 pixels, 5ATM water resistant, Bluetooth: 5.3 | 3 | 5.502,68 ден. | 16.508,00 ден. |
| Телевизор Hisense 43A6Q, 43” (107cm) SMART 4K UltraHD LED TV, Resolution 4K 3840x2160, VIDAA U7, Dolby Vision HDR, HDR 10+, HLD (Hybrid Log Gamma) | 2 | 12.875,87 ден. | 25.751,75 ден. |
| ST CMP-110B Black, Superior Technology, Миксер за матење нес кафе, капучино, Црна боја, 80мл сад, Тивка работа, 25W, Заштита од прегрев | 9 | 418,66 ден. | 3.767,95 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно награди** | **15** | **63.546,21 ден.** | Вкупен износ на награден фонд **90.777,00 ден.** |

Вредноста во табелата е искажана во денари.

Количините на артиклите од наградната игра се дефинирани како во табелата од став 1 од овој член и нема да постои можност за замена на наградите со други награди или замена на наградите со вредност во пари или вредносен ваучер.

Персоналниот данок на доход ќе биде намирен од страна на Организаторот на наградната игра, во име на секој добитник поединечно.

Наградниот фонд е обезбеден од страна на Организаторот на наградната игра.

## Услови за учество во наградната игра

**Член 6**

Право на учество во наградната игра **„Пролет со Unilever“** имаат сите лица над 18 години.

Малолетни лица немаат право да учествуваат во наградната игра.

Вработените што работат кај организаторот на наградната игра, КОЛА ДООЕЛ Скопје и вработените во РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, како и членовите на нивното потесно семејство немаат право на учество во наградната игра.

Право на учество во Наградна игра „Пролет со Unilever“ стекнуваат сите полнолетни купувачи кои за времетраењето на наградната игра:
- имаат регистрирана Рамстор клуб картичка за лојалност и
- ќе направат една или повеќе трансакции со што ќе купат меѓу останатите производи и производи од брендовите Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM, во продажните места наведени во член 4 од овие Правила на наградна игра.

Учесниците однапред се согласни со правилата на лојалност утврдени во формуларот за регистрација на Рамстор клуб картичка.

Учесниците на наградната игра што ќе бидат добитници на награди се должни да донесат валидна лична карта или пасош за идентификација при подигнување на наградите и Рамстор клуб картичка за лојалност.

## Тек на постапката на приредувањето, односно спроведувањето на наградната игра

**Член 7**

Во периодот на времетраењето на наградната игра, односно започнувајќи од **14.5.2026 година** од **8:00 часот**, заклучно до **14.6.2026** година до **22:00** часот, во продажните места наведени во член 4 од овие Правила на наградна игра, купувачот е должен при купување на било кој од производите од брендоните Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM, без оглед на висината вредноста на производите и бројот на

производите, задолжително да покаже на каса регистрирана Рамстор клуб картичка, преку која во системот се евидентираат и сумираат сите купувања во дадениот период.

На ден 17.06.2026 година во 11:00 часот во Административните простории на Рамсторе Македонија ДОО Скопје, на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје, ќе се изврши утврдувањето на најлојалните купувачи, односно потрошувачи кои ќе акумулираат највисока вредност на купени Unilever производи од брендовите Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM.

Утврдување на најлојалните потрошувачи ќе се изврши преку официјалниот систем за следење на лојалност на Рамсторе (ОБАСЕ), а ќе биде контролирано од комисија составена од 2-ца претставници од КОЛА ДООЕЛ Скопје и еден претставник од Рамсторе.

Со учество во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие Правила и ја изразуваат својата согласност за нивно прифаќање.

## Начин на запознавање на учесниците во наградната игра со правилата на играта

### Член 8

Организаторот е должен да ги објави правилата на наградна игра на веб-страницата на организаторот на наградната игра www.kola.com.mk и на официјалната веб страна на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk, по добивањето согласност од Министерството за финансии, а пред започнувањето на наградната игра. Исто така, во текот на траењето на наградната игра Организаторот ќе ги информира потенцијалните учесници за правилата за учество преку постери, летоци, што ќе бидат објавени на сите продажни места каде што ќе се спроведе наградната игра.

## Место, време, начин, постапка и контрола на определување на наградите и добитниците на награди

### Член 9

Утврдување на најлојалните 15 (петнаесет) потрошувачи што ќе добијат подароци, а кои акумулирале највисока вредност на купени Unilever производи од брендовите Coccolino, Domestos, Cif, Savo, Dove, Rexona, Axe, Vaseline, Clear, AIM, со своите Рамстор клуб картички, за времетраењето на наградната игра, ќе се одржи:

На ден 17.06.2026 година во 11:00 часот, во Административните простории на Рамсторе Македонија ДОО Скопје, на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје

Организаторот на наградната игра ќе состави комисија од три члена, двајца вработени кај Организаторот и еден претставник од РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Утврдување на најлојалните 15 (петнаесет) потрошувачи ќе се изврши преку официјалниот систем за следење на лојалност на Рамсторе (ОБАСЕ), а ќе биде контролирано од комисија составена од 2-ца претставници од Организаторот на наградната игра - КОЛА ДООЕЛ Скопје и еден претставник од Рамсторе Македонија ДОО Скопје.

МН ИК

Членовите на комисијата се одговорни за правилно спроведување на целата постапка на наградната игра и утврдувањето на веродостојноста на податоците од систем, а согласно закон и согласно овие Правила на наградна игра.

Еден член од комисијата составува записник за спроведувањето на наградната игра (определување на добивките, евидентирање податоци од добитниците на наградите и добиените награди).

Комисијата составува Извештај за резултатите од добитниците на награди и утврдувањето на наградите.

Добитниците на награди во рок од 3 работни дена ќе бидат телефонски контактирани за наградата и местото каде што ќе можат да ја подигнат.

## Начин на објавување на резултатите, односно добитниците на наградите

### Член 10

Извештајот од добитниците на награди се објавува во рок од 3 дена од денот на определувањето на најлојалните потрошувачи што освоиле награда, на веб-страницата на организаторот на наградната игра www.kola.com.mk и на официјалната веб страна на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk

Извештајот од добитниците на награди ќе содржи податоци со наведување на бројот на Рамстор клуб картичка за лојалност од среќните добитници.

## Начин на предавање на наградите

### Член 11

Добитниците ќе можат да ги подигнат наградите во административните простории на Рамсторе Македонија ДОО Скопје, на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје, во рок од 60 дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите.

Секој од добитниците треба да ја подигне наградата лично, да се идентификува со документ за лична идентификација и Рамстор клуб картичка.

Доколку наградата не се подигне во предвидениот рок или доколку при подигнување на наградата лицето не се идентификува при предавање на наградата, добитникот го губи правото на награда, а наградата се смета дека не е подигната и останува во сопственост и располагање на Организаторот.

## Рок во кој незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор

### Член 12

Доколку учесникот во наградната игра смета дека е оштетен на кој било начин, има право да поднесе Приговор до Организаторот на наградната игра КОЛА ДООЕЛ Скопје во писмена форма на адреса ул. „Качанички пат“, бр. 254, 1000 Скопје-Визбегово, или на е-адреса trena.nikoloska@kola.com.mk и тоа најдоцна во рок од 8 дена од објавата на извештајот на веб-страницата на организаторот на наградната игра www.kola.com.mk и на официјалната веб страна на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk. По основ на овој

Република Северна Македонија Министерство за финансии - Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e financave - Shkup III

МН ИК

Приговор, Организаторот е должен да се изјасни во рок од 8 дена од приемот на приговорот.

Евентуално недоразбирање ќе се решава во духот на добрите обичаи и спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот граѓански суд Скопје со примена на важечките закони на Република Северна Македонија.

## Одговорност

### Член 13

Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Организаторот на наградната игра - КОЛА ДООЕЛ Скопје.

Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на КОЛА ДООЕЛ Скопје спрема добитниците.

Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање штета или тужба кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградите.

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра.

Организаторот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околностите предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

## Прекинување на наградната игра

### Член 14

Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста Организаторот – КОЛА ДООЕЛ Скопје да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја по добиена согласност од Министерството за финансии.

Во овој случај Организаторот – КОЛА ДООЕЛ Скопје треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, а тоа ќе го направи со соопштение на веб-страницата www.kola.com.mk и на веб страницата на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk и со писмено известување на продажните места каде што ќе се одржува наградната игра.

## Обработка на лични податоци

### Член 15

Организаторот – КОЛА ДООЕЛ Скопје ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на наградната игра.

Секој учесник во наградната игра, со тоа што пристапува да учествува во наградната игра, се смета дека е согласен да му се обработуваат личните податоци од страна на Организаторот на наградната игра, за целите на наградната игра.

Личните податоци, и тоа: име и презиме, матичен број на граѓанинот, адреса, телефонски број, како и увид во документ за лична идентификација, се бараат заради проверка на правото за учество во наградната игра.

Учесникот во наградната игра изречно се согласува Организаторот – КОЛА ДООЕЛ Скопје да ги користи и обработува личните податоци на добитниците, наведени во претходниот став и за плаќање на персоналниот данок на доход.

Личните податоци на добитниците нема да се користат за други цели, освен за погоренаведените.

Организаторот – КОЛА ДООЕЛ Скопје се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра.

Личните податоци на учесниците во наградната игра ќе се користат само во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

Секој учесник во Наградната игра, со самото учество се согласува дека доколку биде утврден како еден од петнаесетте најлојални купувачи со најголема куповна вредност неговото име и презиме може да биде објавено на официјалните Веб страни на Рамсторе Македонија.

## Забрана за учество во наградната игра

### Член 16

Сите вработени кај Организаторот на наградната игра и вработените во Рамсторе Македонија ДОО Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства, немаат право на учество во наградната игра.

## Завршни одредби

### Член 17

Со исполнување на правилата за учество во наградната игра, учесниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила се задолжителни за учесниците и ќе се применуваат по добивање согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршување на наградната игра, односно завршување на рокот за подигнување на наградите.

Скопје, 09.4.2026 година

Организатор

КОЛА ДООЕЛ Скопје

Друштво за производство, трговија и услуги КОЛА ДООЕЛ извоз-увоз Скопје

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup

МП ИК